**МИО во учебната 2023/2024 година – ООУ „Петар Поп Арсов“, Карпош-**

**Скопје и ООУ „Тефејуз“, Чаир-Скопје**

Покрај реализацијата на работилниците во текот на учебната 2023/24 година одржавме и работилници, прослави и соработка со колегите и учениците со партнер училиштето ООУ„Тефејуз“.

Имавме посета на учениците од партнер училиштето за патронатот на нашето училиште, при што се одржа Еко акција за садење на цвеќиња во дворот на училиштето,

Заедничка посета на Плоштадот „Делфина“ во Влае каде се одбележа Роденденот на Општина Карпош,

Посета на учениците и учество во новогодишната приредба на нашето училиште (со танцова точка-валцер и народно оро).

Од наша страна имавме посета на Одбележување на Денот на детето.

Учество на приредба по повод Денот на Ататурк,

Работилница за изработка на македонско –турски речник,

Заедничка креативна работилница на учениците од двете училишта на тема „Детето е украс на Светот“, при што се изработија хамери, игри со балони, бевме на традиционална изработка и продажба на традиционална турска храна(и секако дегустација)

На крај на училишната година со координаторката на МИО од ООУ „Тефејуз“ ги направивме завршните извештаи и подготовка за следната учебна година.